# ПРИКАЗИ И КРИТИКА

## ИВАН КАТАРЏИЕВ, „Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција". — Национално-политички борби, Скопје, 1968, 465

МОНОГРАФИЈАТА на Иван Катарџиев „Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција", која неодамна ја објави скопската издавачка куќа „Култура", успешно се надоврзува кон порано публикуваната, од истиот автор, „Серска област" (1780—1879 год.), и чини со неа нераздвојна целина.

И затоа; основното значење на овие две монографии се гледа, пред сè, во тоа што во нив е зацртана, главно, политичката историја на една област — за прилично голем и доста бурен временски период (1780—1908 год.). Посебно, во последнава монографија — „Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција", авторот го ставил главниот акцент врз национално-политичките борби. Монографијата е базирана врз обемен необјавен и објавен архивски материјал, како и врз богата литература. Авторот изразува жалење поради неможноста да ги консултира вонредно богатите архивски фондови на Софија и Атина. Таа празнина тој донекаде ја компензирал со опстојното консултирање на достапните архивски фондови на архивите во Скопје, Белград и Париз. Во монографијата авторот, покрај прегледот на користениот архивски материјал и литература, дава и регистер.

Книгата е поделена на три дела. На крајот е дадено резиме. Во првиот дел (3—30 стр.) авторот накратко ја проследува економската положба на Серскиот округ по 1880 година, како и развојот на стопанството. Во вториот дел (31—264 стр.) детално се разгледуваат општествено-политичките настани во Серскиот санџак до Илинденското востание, како и учеството на Серскиот округ во Илинденското востание.

Најпрво се разгледува положбата во Серскиот санџак по задушувањето на Кресненското востание до појавата на ВМРО. Посебно ѝ се обрнува внимание на четничката активност по задушувањето на Кресненското востание во 1885 година, како и на политиката на бугарската буржоазија. Меѓу другото, Катарџиев забележува: „Воопшто, сè зборува за тоа дека четничката активност во Македонија, во периодот од 1880—85 година во својот развој, има две карактеристични етапи: првата, главно стихијна, по малку организирана, а втората поизразито потчинета на извесни бугарски државни цели.

. . .Можностите на пљачкање, личните одмазди и ниските изживувања, комбинирани со политичките потреби на една државна власт, биле главните мотиви што ги одржувале овие чети". (стр. 41, 42). Осврнувајќи се на политиката на бугарската буржоазија, Катарџиев нагласува: „По Берлинскиот конгрес, живеејќи во трнс под дејството на санстефанската дрога за голема Бугарија, бугарската буржоазија не можела да се помири со пропаднатите илузии. Македонија за неа си останала маѓепсан круг, опсесија во името на која и за која заслужувало да се потчинат сите при-

добивки и интереси на бугарскиот народ.“ (стр. 43). Сообразно со таквата политика, Кнежевството Бугарија и во Источна Румелија, почнале како печурки да никнуваат разни македонски друштва и организации. Авторот посебно се задржува на комитетот на чело на кој стоел Захари Стојанов и на Македонскиот комитет во Софија на чело на кој се наоѓале Д. Ризов и Д. Петков. Со појавата на македонски комитети во разни градови, се јавила потребата од нивно централизирање. „Обединувачката улога му била наменета, по сè изгледа на новооснованиот во Источна Румелија „Таен революционен комитет“ во пролетта 1885 година. Постојат повеќе индикации дека овој комитет бил основан со задача пред сè да ги обедини комитетите чијашто цел била ослободување на Македонија“ (стр. 48) и нејзино приклучување кон Бугарија. „Документацијата укажува на тоа дека нивната (на комитетите, м.б.) дејност била синхронизирана како во развивањето на пропагандната активност, така и во подготовката и испраќањето чети и емисари во Македонија“. (стр. 51). Понатаму, Катарџиев пишува за дебаклот на Калмиковата чета во Малешевско во 1885 година. Зборувајќи за репер-кусиите од таквата четничка активност во Македонија, авторот покрај турските репресалии, наведува: „Другите последици на оваа активност се потешки и потрајни. Тие всушност го откриваат почетокот на една политика на бугарската буржоаска држава спрема Македонија, која, без оглед на менуваната тактика во текот на различните историски моменти во својата основна стратегиска цел, ќе остане непроменета: борба за ‚Целокупна‘ или ‚Санстефанска Бугарија‘.“ (стр. 58).

Во посебно поглавје, авторот опширно го разгледува дејствувањето на просветните пропаганди, грчката, бугарската и српската — во Серскиот санџак — до појавата на македонското национално-ослободително движење. Исто така, го разгледува и прашањето за поделбата на Македонија во сфери на влијанија од страна на балканските држави. Во поглавјето за појавата на ВМОРО, Катарџиев пишува: „Есента на 1893 година во општествено-политичкиот развој на македонскиот народ претставува нов квалитетен момент. Како резултат на дотогашниот општествено-политички развој на Македонија, во Солун се ставаат темелите на организираното национално-револуционерно движење. Се создава Внатрешната македонско-одринска револуционерна организација.“ (стр. 100). Во натамошното излагање, авторот го опфаќа и Ресенското советување од 1894 година.

На ова место ќе потцртаме дека е карактеристичен начинот на пишување на Катарџиев. Имено, авторот не се задржува стриктно разгледувајќи го политичкиот живот во Серската област, туку, одејќи во ширина, преку разгледување на политичкиот сплет на настани во цела Македонија, — ги одредува основните специфики на политичкиот живот во Серскиот округ. Тоа, секако, прилично ја зголемува вредноста на монографијата.

Во посебна глава авторот пишува за создавањето на Македонскиот комитет во Софија, како и за неговата акција во 1895 година во Источна Македонија, попозната под името „Мелничко востание“. Потоа го разгледува одразот на оваа четничка провокација во светот, како и среде македонската емиграција. Го изнесува и односот на Внатрешната организација спрема четничката акција диригирана од Софија, како и последиците од акцијата. Притоа, авторот нагласува дека, „и покрај сите штетни последици, оваа акција ќе го забрза револуционерниот процес во Македонија не само квантитативно, туку и квалитативно. Тоа ќе придонесе да се изживеат сите илузии и недоречености во идеолошкиот и националниот лик на Организацијата. Од тој момент идејата за самостојност и сувереност на Внатрешната револуционерна организација ќе се подигне како основен нејзин принцип. И уште повеќе: таа идеја ќе стане основно идејно-политичко оружје, длабоко проникнато во свеста на поединецот и колективот на револуционерната маса. Со еден збор, вооружената акција на бугарскиот двор од 1895 година ќе

го турне со поголема сила развојот на револуционерното движење во Македонија, давајќи му печат на чисто внатрешно национално движење, што особено доаѓа до израз во одлуката на Солунскиот конгрес од 1896 година. Најпосле, тоа покажа дека народот во Македонија не само што е резервиран, туку има и непријателски став спрема акциите организирани надвор од Македонија." (стр. 144). Понатаму, Катарџиев пишува за Солунскиот конгрес од 1896 година. Го разгледува и ширењето на револуционерното движење во Серскиот санџак. „Нов фактор за брзото ширење на револуционерната организација во округот, како и во цела Македонија, претставува појавата на организационите чети. Тие во животот на македонскиот селанец значеле материјализирање на апстрактната идеја на борбата за слобода. Таа станувала конкретна, очигледна, опиплива, а со тоа и нејзината привлечна сила станувала неодолива. Притежавањето на пушката значело подигнување на самочувството на робот. За Серскиот округ појавата на организационите чети коинцидира и со навлегувањето во револуционерното движење на Јане Сандански. Соединувањето на овие два елемента значело давање нов силен импулс во разраснувањето на ТМОРО во округот". (стр. 151). Потоа авторот нашироко пишува за вооружувањето на Организацијата во округот. Подробно се разгледува врховистичката акција во Серскиот санџак по 1895 година. Се пишува и за обидите на врховистите за преземање на Внатрешната организација, како и за подигањето на врховистичкото т.н. „Џумајско востание" во 1902 година. Опширно се разгледуваат последиците од востанието, како и реагирањето на силите и на јавноста спрема оваа врховистичка провокативна акција. Понатаму, се изнесува положбата на Организацијата по врховистичката акција, како и одлуките на Солунскиот конгрес од 1903 година и односот на Серскиот револуционерен округ спрема нив. Притоа, Катарџиев потенцира: „Единствен и истраен опозиционер не само против одлуката за востание, туку и против самата идеја за него во 1903 година станал Серскиот револуционерен округ". (стр. 226). Потоа пишува за дејноста на Делчев во округот, како и за намената на хектографираниот весник „Слобода или смрт", редактиран од Јаворов. Пишува и за Гоцевиот пат во Солун, како и за неговото загинување во с. Баница. Понатаму ги изнесува и подготовките во округот за претстојното востание. Пишува и за определувањето на денот на востанието во округот, за соработката на револуционерните чети со врховистите, како и за уделот на округот во Илинденското востание. Подробно ги предава востаничките акции во округот. При тоа заклучува: „општо земено, ако се направи рекапитулација за учеството на сите револуционерни окрузи во Илинденското востание и за последиците што ги претрпеле од тоа, не може да не се дојде до заклучок дека Серскиот санџак, во рамките на Солунскиот вилает, дал релативно најголем придонес во востанието и понесол најголеми последици по него. ... Приклучувајќи му се на востанието во момент кога тоа било во опаѓање, серчани не само што не сакале еден дел од ударот да го примат врз себе, туку настојувале да му дадат нов импулс, нова надеж на востанатиот народ, потцртувајќи го своето единство во ропството и борбата." (стр. 263—264).

Во третиот дел (стр. 265—396), Катарџиев подробно го разгледува историјатот на Серскиот санџак по Илинденското востание до Младотурската револуција. Најпрво ја разгледува положбата на Серскиот санџак непосердно по востанието. Потоа пишува за Мирцштегските реформи и за дејноста на француските офицери во Серскиот санџак. Потоа ја разгледува состојбата во Организацијата по Илинденското востание, како и групирањето на разни идејни групи. Пишува за дискусиите во Софија по востанието, како и за донесената Директива во 1904 година. „Формулирајќи ја ‚Директивата', во зимските месеци на 1904 година, за идниот развој на ТМОРО, левицата му ја дала на македонското национал-револуционерно движење првата програма, првата политичка декла-

рација за структурата, карактерот и целите на движењето, подвлекувајќи ги, пред сè, неговиот демократизам, самостојност и независност, како основни фактори во новите услови". (стр. 304). Потоа Катарџиев пишува за дискусијата што се водела внатре, во земјата. Пишува и за Серската окружна организација по востанието. Ја изнесува и дејноста на туѓите пропаганди во округот, како и односот на револуционерната организација спрема нив. Посебно ја нагласува борбата кај Кашина и го изнесува нејзиниот одраз во сфаќањето на современиците. Накратко се осврнува за учеството на Серчани на Рилскиот конгрес, како и на расцепот на Организацијата. Потоа ги разгледува конгресите на Серската организација, одржани по Рилскиот конгрес. „На сите три конгреси одржани од Серската окружна организација по Рилскиот конгрес, евидентен е еден константен напор за постојано изградување на програмата на левицата, за усовршување и приспособување на нејзината организација кон изменетите политички услови во Турција и на Балканот". (стр. 371). Ќе ја наведеме и мошне убавата оценка на Катарџиев за значењето на извршената пресуда на Серскиот окружен комитет над Гарванов и Сарафов во 1907 година: „По ликвидирањето на капетан Стојановиот поход во Кашина во 1905 год. на територијата на самата организација, ликвидирањето на Гарванов и Сарафов во Софија јасно покажало дека серчани нема да се задоволат со пасивна одбрана, нема да чекаат да бидат ликвидирани на сопствената територија. Нивното предупредување дека борбата ќе ја пренесат во центарот на заговорите, дека ќе удрат на најосетливото место од каде што се планирале и финансирале сите походи против нив, добивало сосем реални димензии. Меѓутоа, овој удар, со тоа што бил невообичаен, не значел обичен терористички акт против идејни противници. Напротив, преку пресметувањето со експонентите на една туѓа државна политика спрема Македонија, ѝ се давало до знаење токму на таа политика дека е виновник за сите зла и неволи во Македонија. Отворено пред светската јавност таа се предупредувала да се откаже од своите намери да завладее над македонското револуционерно движење, да се откаже од своите аспирации спрема Македонија, бидејќи таа не ѝ припаѓа нејзе, туку на македонскиот народ." (стр. 393).

Во мошне исцрпното резиме (стр. 397—432), Катарџиев го разгледува развојот на национално-политичката акција и мисла во Македонија и посебно во Серскиот округ — до Младотурската револуција. Овде ќе ја изнесеме и оваа мисла на Катарџиев: „Она со што левицата најмногу го задолжи македонското национално движење по Востанието, тоа е борбата со сите средства: со оружје, со политичка акција, со теоретска мисла да се зачува неговата независност, да се развие неговиот национален индивидуалитет, да се прецизира неговата содржина во конкретните историски услови". (стр. 420). Најпосле, ќе ја предадеме следнава есенцијална карактеристика: „Целокупниот развој на национално-политичката акција и мисла во Серскиот округ, во цела Македонија, во разгледуваниот период недвосмислено ја утврдува врвицата на националното оформување и развој на македонскиот народ во неговата целост. Во различни временски економски и политички услови, различно манифестирана, во зависност од развиеноста, односно неразвиеноста на силите што ја носат и на целото македонско општество, нејзината еволуција е постојана , и покрај времените задршки, за да дојде до полн израз во Илинденското востание. Со појавата на левицата по Востанието на чело со Серската окружна организација и Јане Сандански, националното движење на македонскиот народ ја збогати својата содржина. Тоа е период во кој борбата против турскиот општествен и политички систем и против стран-

ските аспирации е комбинирана со решителна борба против реакционерните елементи во сопствената средина, тоа е борба за демократизирање на движењето во кое се создаваат основи за појавата на националната политичка партија. Во исто време тоа е период во кој се гради мост за постепено прифаќање на националните задачи за ослободување на македонскиот народ од страна на новите општествени сили — работничката класа.“ (стр. 431—432).

На крајот ќе нагласиме дека монографијата на Иван Катарџиев, вака презентирана, претставува стојносен прилог кон македонската историографија.

*Д. Д.*

## **Британски документи за историјата на македонскиот народ, том I (1797—1839). Под редакција на Христо Андонов-Полјански.** Изд. на Архивот на Македонија. Скопје 1968, 320

Под редакција на проф. д-р Христо Андонов-Полјански, Архивот на Македонија го издаде првиот том на „Британски документи за историјата на Македонија“. Оваа збирка на досега необјавени документи за периодот 1797—1839 година содржи такви значајни изворни материјали што овозможуваат да се осветлат голем број проблеми не само од историјата на македонскиот народ, туку и од историјата на другите балкански народи, а дури и на самата Турска Империја.

Документите што ги објавил Х. Андонов-Полјански во овој том се 110. Тие се собрани од фондот на Public Record Office, од фондовите на Левантската компанија (The Levant Company), на т.н. „Државни хартии“ (State Papers), Министерството за трговија (The Board of Trade) и на Министерството на надворешни работи (Foreign Office).

Публикацијата на Х. Андонов-Полјански се состои од предговор (стр. VII—X; на англиски јазик XI—XIV), кратка содржина на документите (XV—XXVIII; англ. XXIX—XLIII), прв дел, каде што е даден превод на документите (3—148), објасненија на некои термини употребени во преводот (149—163), втор дел, каде што е дадена транскрипција на оригиналните документи 167—303), glossary of terms (307—309), index (311—314) и geographical names (315—319).

Од предговорот и од содржината на документите јасно може да се види значењето на документите за историјата на Македонија. Објавените документи му припаѓаат на оној период кога во Турција засилено почнал да продира европскиот капитал, кога европските капиталисти настојувале со сите средства да загосподарат над економиката на разбиената од внатрешните немири турска држава. Од содржината на документите може сосем јасно да се видат акциите на Велика Британија за загосподарување и над стопанството на Македонија. Главна изразителка на политиката на британската влада била, во овој период, Левантската компанија, Сè до 1825 година оваа компанија ги имала прерогативите да се грижи за британските дипломатски тела, особено на конзулите, вице-конзулите и конзуларните агенции во домените на Турција. Уште од XVII век Левантската компанија почнала да се интересира за Македонија. Компанијата тогаш почнала да го поставува прашањето за отворање свои филијали, т.н. „фактории“ во Македонија. Во овој период Левантската компанија дејствувала во Македонија под заштита на Франција. Дури во 1715 година Компанијата успеала да отвори конзулат во Солун. Од публикацијата на Х. Андонов-Полјански може да се набележат и конзулите што дејствувале во Македонија во периодот 1797—1839 година. Во 1797 британски конзул во Солун бил Франсис Чарнауд. На чело на конзулатот дошол во 1791 година. Во Солун останал сè до својата смрт, 1825. По неговата смрт вршител на должноста